**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6039/**

# З А П И С Н И К

**Од 233.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 30.10.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска**(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТи Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџет во МРТ. |

Седницата започна во 11.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 232.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година:
   -програма за работа за 2024 година,
   -финансиски план за 2024 година.

3. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 232.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 232.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 232.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 232.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година:**

**-програма за работа за 2024 година,**
**-финансиски план за 2024 година.**

Виолета Димеска од Одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ даде вовед во Финансискиот план на МРТ за 2024 година и објасни дека:
За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2024 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:
Приход од Буџетот на Република Македонија односно средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 1.185.000.000 денари или 74.9% од вкупните планирани приходи. Како што и погоре беше кажано, овој износ произлегува и е утврден врз база на последните измени во член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.254/23) каде е наведено дека за финансирањето на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојат средства во износ од 1% од реализираните даночни приходи во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот и овие средства се основа за тековното работење на МРТ во секоја фискална година.
Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој
Како приходи добиени за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, исто така од Буџетот на РСМ и согласно измените во Законот за ААВМУ, за идната 2024 година планирани се финансиски средства во вкупен износ од 300.000.000 денари. Имено, од причина што до сега, за непречено одвивање на сите активности во рамки на тековното работење, средствата за финансирање на радиодифузна дејност беа далеку од потребните, во изминатиот период ЈРП МРТ беше поддржувана од страна на државата со финансиски средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој. Со оглед на фактот дека оваа поддршка е законски поткрепена, истата се планира и очекува и во идната 2024 година.
Во овој контекст од големо значење е да се напомене дека доколку при финансирањето на ЈРП МРТ од страна на државата по овој основ како и по основ на финансирање на радиодифузната дејност се почитуваат одредбите од Законот за ААВМУ утврдени со последните измени во истиот, во МРТ ќе може да се спроведат сите поголеми планирани активности во врска со инвестиции во набавка на нова РА и ТВ опрема, да се отпочне со процесот на дигитализација на радиото, како и да се изврши реконструкција на студијата и работните простории, а се со цел и во насока на подобрување работните услови и квалитетот на програмата.
Приходи од продажба на рекламен простор , приходи од закупнини, приходи од услуги во земјата, приходи од услуги во странство,Останати деловни приходи, приходи од наплата по основ на судски одлуки, приходи од донации како и од продажба на програма и реемтување во земјата и странство и сл.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија посочи дека во Финансискиот план за ЈРП МРТ за 2024 година за дигитализацијата на Македонското радио се предвидени 60 милиони денари и тие овој пат мора да се наменат за радиото бидејќи секогаш кога ќе излгасаме средства за радиото излегува дека тие реално не одат за радиото.
Членовите на советот се сложија дека наредната година треба да биде година на радиото и дека треба да се организира посебна седница во текот на месец ноември, заедно со надлежните од Македонското радио, на која ќе се разгледа и ќе се утврди планот за инвестиции во радиото.
Ристе Панов праша дали во финансискиот план се предвидени дополнителните финансиски средства предвидени со последните измени оваа година на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во член 105 став 8 со кои се предвидени дополнителни средства за финансирање на капитални инвестиции и развој на МРТ и дали за исполнување на овој член од законот МРТ има подготвено Студија на што ќе ги побара парите од буџетот на РСМ. Второто прашање се однесуваше дали во моментот се исполнуваат обврските на министерствата каде со измените на истиот закон се предвидува исплата на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РС Македонија, од кои 80% треба да припаднат на МРТ.
На овие прашања одговори директорот Горан Атанасов каде кажа дека во моментот се исплаќаат сумите по старо  и за двете основи како средства за радиодифузна дејности дополнителните средства за капиталните инвестиции за техничко технолошки развој предвидени во член 105 став 7 од законот за АВМУ, со што дополнителните средства се предивидени и во финансискиот план во висина од 300 милиони денари.
За збор се јави Снежана Клинчарова која кажа дека пред да се изјасни како ќе гласа ќе посочи на две три работи, со оглед на фактот дека денеска ќе има едно гласање и за програмата и за финансискиот план за 2024 година.
Прво, изразувам незадоволство од нестабилното буџетско финансирање на ЈРП Македонска Радио Телевизијакако како пред законските измени, а еве и сега гледаме дека тоа се случува и по измените на законот за ААВМУ. Планираните приходи од само 74% од буџетот укажуваат дека ќе се продолжи со лошата пракса. Затоа сакам да потсетам зошто бев, сум и ќе бидам против  буџетското финансирање на куќата. Не само кога се парите во прашање, туку и затоа што со нив оди и степенот на самостојност во уредувачката политика.
Како пример ќе ја посочам програмата за 1990 година во која главен извор за финансирање е радио-телевизискиот надоместок со остварување од 98%. Станува збор за РТВ- надоместок од вкупно 322 000 телевизиски и 36 000 радио претплатници. Остварениот приход е во висина од 331.000.000.000 динари. Од маркетингот се очекувани 6.200.000.000 динари, а од продажбата на касети и плочи 4.000.000.000 динари.
Како што реков, час поскоро да се промени Законот за ААВМУ и начинот на финансирање и некои други негови членови со што би се зголемила самостојноста во уредувачката политика на куќата.
Во таков случај, би можеле да ги собереме истите автори, новинари и водители од сегашниве копродукциските емисии планирани во дневно информативната програма, како докажани и обучени ,,стрелци,, па наместо емисијата ,,Дипломатија и бизнис,, да се истражи и сними еден серијал од десетина епизоди, на пример, на темата ,,Дипломатијата како бизнис,,- генерално во Светот, со акцент на нашиот регион и посебно во Македонија. Па, така гледачите да можат да видат ,,кој пие, кој плаќа, а кој гурбетува. Тогаш ни оние што сега ги даваат, ни оние што ги примаат парите, а ниту гледачите нема да се исчудуваат и прашуваат: А, каде се парите? Уверена сум дека еден ваков серијал ќе има рекордна гледаност не само кај нас, туку и пошироко.
Трета и последна работа на која сакам да укажам, а многу повеќе да прашам е следново:
Дали ако се случат уставните промени и дополнително во уставот се внесат поголем број делови од народи, дали ќе се зголеми и бројот на редакциите и емисиите на 4-от Телевизиски програмски сервис? На пример на Словенечки, Хрватски, Еврејски...и на Бугарски јазик.

Бидејќи трошоците ќе се зголемат, а условите за работа и кадровската екипираност нема да биде подобра отколку сегашнава, напротив ќе биде полоша, тогаш во иднина многу внимателно ќе треба да се употребува, да не речам, да не се злоупотребува членот 100 од Законот за ААВМУ. Едно е МРТ да создава програми со кои ќе се унапредуваат културните идентитети на заедниците, а друго е да се реемитуваат и директно да се превземаат и емитуваат програми создадени од медиумите и јавните сервиси во матичните држави на заедниците што живеат во Македонија ( Музички фестивали, интервјуа, политички (изборни) дебати, репортажи, научни-историски емисии и др.). Едно е да се склучуваат договори за соработка со јавните сервиси на соседните држави, а друго е да се превзема и реемитува програма од друга држава под изговор дека немаме доволно сопствена програма, само затоа што јазикот е ист, а башка е и без пари. Бидејќи ништо не е без пари, а влијанието на јавните сервиси е големо, така и ние како членови на Програмскиот совет треба час поскоро да седнеме и да ги отвориме сите теми, дилеми, тешкотии и замки, што го очекуваат идното работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија.
Од се што кажав на изминатите три, како и на денешнава седница, најавувам дека ќе дадам УСЛОВЕНА поддршка на програмата за 2024. Год. Ќе гласам за, особено заради финансискиот план и да не биде доведено во прашање работењето на куќата.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница ја разгледа Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2024 година и Финансискиот план за 2024 година без забелешки и даде согласност на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година составена од Програма за работа за 2024 година и Финансиски план за 2024 година.
■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година составена од Програма за работа за 2024 година и Финансиски план за 2024 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По расправата по однос на оваа точка беше предложен и **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ му укажува на Директорот на МРТ при реализацијата на Финансискиот план за 2024 година да води сметка за обврските кои се преземаат да се во рамките на остварувањето на финансиските приливи.
-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.07.2023-30.09.2023 година.
Виолета објасни дека за реализација на програмските и останатите активности во третото тримесечје од 2023 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 227.068.939 денари и трошоци во износ од 264.255.471 денар при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 37.186.532 денари.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

Воглавно, остварувањата и во делот на приходите и во делот на расходите се движат во рамки на планираните и очекувани износи во анализираниот период, освен во делот на приходи за финансирање/постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ согласно Законот за ААВМУ и кои во третиот квартал од 2023 година беа остварени во износ од 50.000.000 денари. Токму ова остварување претставува основна причина за негативниот финансиски резултат во третиот квартал од 2023 година, или поточно, од причина што приходот по овој основ на месечно ниво нерамномерно е исплатуван и во периодот 01.04-30.06.2023 година наместо планираните 75.000.000 денари, имаше реализација од 175.000.000 денари па во рамки на финансиското работење во споменатиот период МРТ оствари позитивен финансиски резултат во износ од 86.575.020 денари, сега, со оглед на фактот што остварувањето од 50.000.000 денари е пониско од планираното за анализираниот период, тоа всушност ја намали вкупната реализација кај приходите и придонесе за остварување на негативен финансиски резултат.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година без забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2023-30.09.2023 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред немаше расправа.

Седницата заврши во 12.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател